NSW MULTICULTURAL HEALTH COMMUNICATION SERVICE
Media Release

23 февруари 2022

**_ПРЕПОЛНЕТА ЧАША – ЛОКДАУН (ЗАТВОРАЊЕ)_: НОВА РАДИО ДРАМА КОЈА ЈА РАЗГЛЕДУВА ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19 ЗА МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА**

Како иницијатива, прва од ваков вид, Службата на NSW Health за комуникации со мултикултурната заедница (NSW Multicultural Health Communication Service) и Мултикултурната здравствена служба од Локалната здравствена област за југоисточен Сиднеј (South Eastern Sydney Local Health District's Multicultural Health Service) ја промовираат новата радио драма на македонски јазик, *Преполнета чаша - Локдаун (Затворање)*, која ја разгледува пандемијата на КОВИД-19 преку искуствата на едно македонско семејство во Сиднеј.

Напишана од наградуваниот драматург Душан Ристевски, а во изведба на Австралиско-македонскиот театар од Сиднеј, оваа 45-минутна радио претстава драматично прикажува како пандемијата на КОВИД-19 влијае на секојдневниот живот, врските и идните планови на семејството.

Lisa Woodland, директорка на Службата на NSW Health за комуникации со мултикултурната заедница, рече дека проектот е дел од континуираните напори на службата да ги ангажира заедниците од различно културно и јазично потекло во државата со пораките за КОВИД-19 на иновативни начини.

"Македонската заедница има долга традиција на театар во заедницата и нашето искуство покажува дека можеме да користиме комуникации преку театар за да разгледуваме сложени и емоционални здравствени прашања на начин кој има одзив," рече г-ѓата Woodland. "Кога поради продолженото затворање оваа година настапите во живо беа одложени на неодредено време, решивме да подготвиме претстава за радио за да може заедницата да ужива во неа без оглед на какви било ограничувања поради КОВИД-19."

Локалната здравствена област за југоисточен Сиднеј е дом на една од најголемите македонски заедници во Нов Јужен Велс. Мултикултурната здравствена служба на областа претходно користеше театарски претстави во заедницата во живо за успешно да ги ангажира членовите од македонската заедница на често стигматизирани теми како што се ракот и менталното здравје.

*Преполнета чаша – Локдаун (Затворање)* е достапна за слушање на веб-страницата на Службата на NSW Health за комуникации со мултикултурната заедница: https://www.mhcs.health.nsw.gov.au/about-us/campaigns-and-projects/current-campaigns/macedonian-radio-play

**За *Преполнета чаша – Локдаун (Затворање)***

*Преполнета чаша – Локдаун (Затворање)* ги разгледува искуствата на едно македонско семејство кое се бори со предизвиците во секојдневниот живот за време на пандемијата на КОВИД-19. Пред КОВИД, на сите им оди добро во животот – работат, планираат патување и се подготвуваат за семејна свадба. Кога ќе пристигне КОВИД, се рушат нивните соништа. Ограничувањата кои постојано се менуваат, во комбинација со стравот од зараза со вирусот предизвикуваат стрес во семејството. За време на неизвесноста во текот на затворањето, тие размислуваат за нивното здравје, учат како да се приспособат и со нетрпение очекуваат да се вратат на нивниот нормален живот.

**NSW MULTICULTURAL HEALTH COMMUNICATION SERVICE** MEDIA**:**
Sam Shen, Media and Communications Manager M. 0423 372 629